**Burim Abazi**

**From:** [redacted]
**Sent:** Tuesday, April 23, 2024 1:29 PM
**To:** Tatjana Dimitrovska; Burim Abazi
**Subject:** Fwd: Барање за увид во анкетен прашалник за имотна состојба на В.Д. директор на јавна установа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP
Примено: Pranuar 25-04-2024
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 1489 | | |

---------- Forwarded message ---------
From: [redacted]
Date: Tue, 23 Apr 2024, 13:27
Subject: Барање за увид во анкетен прашалник за имотна состојба на В.Д. директор на јавна установа
To: <contact@dksk.org.mk>

Почитувани,

Со однос на тоа дека се соочив со одредени потешкотии да го пронајдам анкетниот прашалник со изјава за имотна состојба на носител на јавна функција - В.Д. директор на ЈУ Центар за социјална работа во Охрид - Игор Еленчевски, со овој допис би сакала да побарам увид во тој анкетен прашалник.

Податоците ми се потребни со цел обработка на ТВ сторија, а ги барам по основ на Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, а имотната состојба на носителите на функции во јавните институции меѓудругото подлежат на проверка по Закон.

За дополнителни прашања, ве молам контактирајте ме по пат на е-маил или на телефонскиот број [redacted]

Поздрав,
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-1489/2
30-04-2024 г./v

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1489/1 од 25.04.2024 година, доставено од [redacted] донесе, следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. 03-1489/1 од 25.04.2024 година, доставено од [redacted], **СЕ УВАЖУВА.**

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Барателот на информацијата, [redacted] до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер (во електронска форма) со кое побара: ***„Со однос на тоа дека се соочив со одредени потешкотии да го пронајдам анкетниот прашалник со изјава за имотна состојба на носител на јавна функција - В.Д. директор на ЈУ Центар за социјална работа во Охрид - Игор Еленчевски, со овој допис би сакала да побарам увид во тој анкетен прашалник.***
***Податоците ми се потребни со цел обработка на ТВ сторија, а ги барам по основ на Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, а имотната состојба на носителите на функции во јавните институции меѓудругото подлежат на проверка по Закон".***

Согласно член 16 став 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, произлегува дека се работи за барање за пристап до информации од јавен карактер по истото ќе се постапи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019). Доставеното барање е примено во ДКСК, заведено под архивски бр. 03-1489/1 од 25.04.2024 година.

По разгледување на барањето и утврдување на фактичка состојба, ДКСК констатира дека не располага со бараната информација и дека лицето Игор Еленчевски, назначен за в.д директор на ЈУ Центар за социјална работа во Охрид, нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси (анкетен лист) до ДКСК.

Согласно член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси, наведеното лице има обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси во рок 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето.

По сопствена иницијатива на ДКСК е оформен предмет за проверка на имотната состојба за горенаведеното лице и постапувањето е во тек.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател
Татјана Димитровска

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице

Да се достави до:
- подносителот